# И З В Е С Т У В А Њ Е

**На 16.04.2020 година во 10:00 часот се одржа состанок на Општинскиот штаб за заштита и спасување на Општина Ранковце на кој беа дискутирани превентивните мерки и чекори кои треба да бидат преземени, а во согласност со заклучоците, мерките и препораките усвоени од Владата на Република Северна Македонија, во врска со потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).**

- ЈКП Чист Ден да воведе дежурство за време на престојниот викенд со цел навремено собирање на комуналниот отпад
- Се препорачува на граѓаните кои ќе ги посетуваат верските објекти во петок (17.04.2020 г) и вторник ( 21.04.2020 г) да ги почитуваат мерките на Министерството за здравство за заштита од Корона вирусот, односно да носат заштитни маски и ракавици и да држат растојание меѓу себе.
- Се препорачува на граѓаните кои имаат викенд куќи на територијата на Општина Ранковце за време на престојните празници, да се избегнува семејни собирања во истите.
- Општинскиот штаб за заштита и спасување упатува апел до сите граѓани за време на престојните празници да не се палат огнови и друг вид на отпад и смет
- Црвен Крст е должен за достава на лекови за време на полицискиот час, секој граѓанин кој ке има потреба може да се обрати на тел. 031-375-131 или 070-272-211
- ПО Ранковце да прават зачестени контоли на територијата на Општина Ранковце за време на претстојните празници за да нема групирање на луѓе
- ТППЕ Ранковце да продолжи со дежурства за време на празникот и секојдневно да вршат перење на асфалтираните улици во сите села на територијата на Општина Ранковце.
- ЈКП Чист Ден Ранковце редовно да вршат дезинфекција на сите јавни повшини на територијата на Општина Ранковце.
- Беа разгледани барањата од трговските друштва за онлајн достава на неопходни прехрамбени продукти за време на престојниот викенд и истите ке бидат објавени на facebook страната на Општина Ранковце

Scanned with CamScanner

• Беа разгледани доставените барањата од страна на нерегистрирани земјоделци за работа за време на полицискиот час во престојниот викенд и за истите е изготвен список и е доставен до ПО Ранковце

• Сите жителите на Општина Ранковце да ги почитуваат сите мерки за заштита од Корона вирусот донесени од страна на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија.

• Да се почитува полицискиот час воведен од страна на Министерството за внатрешни работи.

• Остануваат да важат сите досегшни донесени мерки и препораки од страна на Општинскиот штаб за заштита и спасување

**Општински штаб за заштита и спасување**

**Општина Ранковце**

Scanned with CamScanner